# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 мај 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

Во салата влегува господинот Бранко Црвенковски.

(Аплауз)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија на која согласно член 81 став 9 од Уставот на Република Македонија претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски ќе даде свечена изјава пред Собранието на Република Македонија.

(Хорот ја изведува химната)

(Аплауз)

Почитувани гости, на седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски; членовите на Владата на Република Македонија; претседателот на Уставниот суд на Република Македонија; поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров; претседателот на Врховниот суд на Република Македонија; претседателот на Републичкиот судски совет; Јавниот обвинител на Република Македонија; Народниот правобранител; Јавниот правобранител на Република Македонија; претседателот на Државната изборна комисија; началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија; гувернерот на Народната банка на Република Македонија; Директорот на Агенцијата за разузнавање; претседателот на Македонската академија на науките и уметностите; ректорите на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје, Универзитетот “Свети Климент Охридски” во Битола и на Универзитетот на Југоисточна Европа; Градоначалникот на Град Скопје; поглаварот на Македонската православна црква Архиепископот Охридски и Македонски; претседателот на Исламската верска заедница во Република

Македонија; Скопскиот бискуп и апостолски егзарх во Република Македонија; проповедникот на Евангелско-методистичката црква во Република Македонија; претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија; семејството на претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски; шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

Согласно член 81 став 9 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Републиката пред преземањето на должноста дава свечена изјава пред Собранието.

Го молам претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски да даде свечена изјава.

Ве молам да станеме.

Го молам претседателот на Република Македонија да го повторува по мене текстот на свечената изјава.

Свечена изјава од Бранко Црвенковски, претседател на Република Македонија.

Изјавувам дека функцијата претседател на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе го почитувам Уставот и законите и ќе го штитам суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија.

Го молам претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски да ја потпише свечената изјава.

(Претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски ја потпишува свечената изјава).

На претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски му го честитам преземањето на должноста и му посакувам успех во работата.

(Аплауз)

Според член 83 став 1 од Уставот на Република Македонија функцијата претседател на Република Македонија е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

Со преземањето на должноста претседател на Република Македонија на господин Бранко Црвенковски му престанува функцијата претседател на Владата на Република Македонија и согласно Уставот Владата на Република Македонија останува на должност до изборот на нова Влада.

Го молам претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски да му се обрати на Собранието.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ценети гости, екселенсии, почитувани граѓани на Република Македонија,

Од оваа говорница пред ова Собрание се имам обраќано многу пати до сега и како позиционер и како опозиционер. И како пратеник и како премиер. Денеска за прв пат ја имам таа чест да ви се обратам како претседател на Република Македонија. Тоа претставува големо признание, но во исто време и огромна одговорност. Голема е одговорноста што ја чувствувам пред минатото, уште поголема е одговорноста што ја чувствувам пред иднината.

Македонскиот народ, меѓу последните во Европа успеа да го оствари својот државотворен сон: долг, тежок и макотрпен беше патот до создавањето на независна и суверена Република Македонија. Децении и векови на никогаш изгубени надежи, на болни и трагични обиди, на неизмерни жртвувања. Генерации и генерации на борци, мечтатели и страдалници, посветени на една иста цел, се вградени во темелите на оваа наша денешна Македонија.

Да се биде претседател, значи обврска, достоинствено да се носи тоа историско бреме. Да се чува и брани тој историски капитал, да се негува и развива нашиот национален и културен идентитет. Историјата треба да се памети, од неа треба да се учи, но вистинската, најголемата наша одговорност е пред се, кон иднината на нашите граѓани и нашата држава. Затоа сме избрани и затоа ни е дадена довербата.

Република Македонија е млада држава, со бројни тешкотии и проблеми. Тринаесет години се многу во животот на еден човек. Но 13 години се само миг во историјата на еден народ и на една држава. Токму во овој период моравме и мораме да совладаме неколку историски етапи, за кои другите европски народи потрошија повеќе од два века.

Прво, да ја апсорбираме нашата природна, историска потреба за создавање на своја национална држава и остварување на целосен суверенитет.

Второ, но во исто време и паралелно, да оствариме целосна демократизација на општеството, ставање на граѓанското над националното, на еднаквоста и рамноправноста над етничката конкуренција, на патриотизмот кон државата, над лојалноста кон сопствениот етнитет.

Трето, во име на новата европска архитектура и глобална интеграција, да изразиме подготвеност за откажување од дел на сопствениот штотуку стекнат суверенитет и да ги прифатиме заедничките европски вредности и одговорности, но и правила на игра кои понекогаш изгледаат како наметнати од надвор. Нормално е вакви историски тектонски поместувања од толку кус временски период да предизвикаат и сомневања, недоверба, фрустрации. Но ние, едноставно време за постапност, за долго еволутивно созревање немаме. Европа нема намера да не чека. Таа својот процес на интегрирање ќе го заокружи со, или без нас.

Токму затоа, една од најскапите работи во овој момент за Македонија е факторот време. Европскиот проект е нашиот највисок стратешки приоритет: Македонија дел од обединета Европа, Македонија членка на НАТО Алијансата. Тоа е нашата иднина, тоа се нашите цели. На остварувањето на тие цели сум подготвен, целосно да се посветам. За остварувањето на тие цели, ја барам вашата поддршка и соработка.

Реализацијата на вака значаен и обемен проект, не може да биде, ниту обврска ниту ексклузивно право само на една Влада, или пак само на една политичка опција, или на еден етникум. Патот ќе биде долг и ни претстои огромна работа. Потребен е целосен политички, етнички и социјален консензус. Треба да се покрене и обедини, да се стави во функција, целокупниот општествен потенцијал.

Како претседателот на Република Македонија, подготвен сум да учествувам и да го предводам тој процес.

При објавувањето на мојата кандидатура, реков дека имам намера да бидам претседател на сите и претседател за сите. Денес со уште поголема решеност и уверување тоа го потврдувам. Вчера ја поднесов мојата оставка на функцијата претседател и го замрзнав своето членство во Социјалдемократскиот сојуз на Република Македонија. Од денес, за мене, сите политички партии во Република

Македонија се еднакви. Подготвен сум со сите искрено и принципиелно да соработувам за доброто на граѓаните и на нашата држава.

На Македонија и се потребни и демократска левица, и демократска десница, и политички центар. На Македонија и се неопходни, силна позиција и силна опозиција. На Македонија и треба и силен и сигурен сектор и моќна јавност и с# друго што го јакне граѓанското општество. Она што на Македонија не и треба, она што може да нанесе катастрофални штети и против што ќе се борам со сите свои сили и со сиот институционален капацитет е екстремизмот и радикализмот, без разлика од која страна и со какви мотиви се јавуваат.

Демократијата за Македонија, не е подобриот, туку единствениот избор. Горд сум што на овие избори ја добив поддршката од припадниците на сите етнички заедници, што за мене гласаа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи и Бошњаци. Добрите меѓуетнички односи, се столбот на стабилноста на Македонија. Добрите меѓуетнички односи се предуслов за економски развој и напредок. Добрите меѓуетнички односи се и најкраткиот пат до евро и евро-атланските интеграции.

Како претседателот на Република Македонија, ќе се посветам на јакнење на меѓуетничката доверба, на соживотот, на етничката и религиската толеранција.Рамковниот договор ќе биде во целост и на време спроведен. Македонија држава на еднаквост и рамноправност, на меѓусебна солидарност и лојалност, на заеднички интереси и заеднички цели. Македонија обединета и сплотена, Македонија интегрирана дома и интегрирана во Европа. Таква Македонија посакуваме и за таква Македонија заедно ќе работиме.

Процесите кои ги отпочнавме, треба да ги продолжиме, со уште побрзо темпо и поголема ефикасност. Треба да ја продолжиме борбата против сиромаштијата и невработеноста, проблеми кои ги тиштат многу наши граѓани и семејства.

Јас знам дека на овој план не се можни спектакуларни решенија преку ноќ. Меѓутоа, секоја нова инвестиција, секоја нова фабрика, или рестардирање на постојан капацитет, секое ново работно место, е чекор во вистинска насока. Треба уште поенергично да ја продолжиме битката против криминалот и корупцијата, битката за правна држава. Не очекуваат сериозни реформи во судството, образованието, здравството, јавната администрација. Ни претстои процес на создавање на нов општествен вредносен систем. На нов систем на морални вредности. Ако нашата иднина ја гледаме во Европа, тогаш како нација, за тоа треба и да се подготвиме. Низ процесот на образование и воспитување на нашите млади

генерации треба да ги стекнат нужните знаења и неопходната самодоверба, да можат без било какви комплекси да се впуштат во глобалниот натпревар, да се соочат со европскиот предизвик.

Ја изразувам мојата подготвеност за целосна соработка со Владата и Парламентот, во овој или некој поинаков иден состав во остварувњето на овие заеднички цели од највисок национален и државен интерес.

Во изминативе 13 години, поминавме низ многу тешкотии и проблеми. Во клучните најтешки моменти покажавме дека имаме доволен државотворен капацитет и висок демократски потенцијал да се справиме со сите ризици и предизвици. Битката за свое место под сонцето, за меѓународното етаблирање на Македонија е веќе одамна успешно завршена. Битката за надминување на меѓуетничкиот конфликт и изнаоѓање на успешен модел на соживот, токму сега успешно ја приврршуваме, битката за поголема европска Македонија, допрва ја почнуваме. Во таа битка, потребен ни е секој наш граѓанин. Потребен ни е целокупниот колективен ум и знаење, потребни ни е силна волја и упорност и јасна и непоколеблива определба. Шансата е тука пред нас и не смееме да ја пропуштиме. Има работи што можат да се направат, има работи што мора да се направат. Ова мора да се направи, оваа работа ќе ја направиме.

Сакам да ја искористам оваа прилика, да им искажам благодарност и да им одадам признание на двајцата мои претходници: претседателот Глигоров и претседателот Трајковски, кој за жал повеќе не е меѓу нас. Се надевам, дека на исто толку достоинствен начин, како што тоа го правеа тие, ќе ја вршам функцијата претседател на Републиката.

Почитувани пратеници, ценети присутни, свесен сум за одговорноста пред која сум исправен. Свесен сум за тежината на задачите кои ми претстојат. Не велам дека во мојата работа нема да грешам. Но, ве уверувам дека ќе работам искрено, чесно и предано и тоа секогаш во интерес на граѓаните и секогаш во интерес на Република Македонија.

Да живее Македонија.

(Аплауз)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Му благодарам на претседателот на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски за неговото обраќање.

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Вашите честитки на господинот Бранко Црвенковски, по повод преземањето на должноста претседател на Република Македонија, можете да му ги изразите во свечената сала на Собранието.

Со тоа ја заклучувам Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија. (Благодарам)

(Седницата заврши во 12,25 часот)